Центарот за кариера при Природно-математичкиот факултет од Скопје во соработка со Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, за студентите и наставниот кадар на Природно- математичкиот факултет, организира збир од презентации на тема:

# *„Еразмус+ - подобар професионален и кариерен развој и подобри образовни политики“*

**Ден:** 7 февруари 2019 година (четврток)

**Време:** 12:30 часот

**Место:** ПМФ, Математички амфитеатар М-121

**Презентери:**

12:30 – 12:50 Астрит Реџепи, Еразмус+

12:50 – 13:10 Дејан Златковски, Евридика

13:10 – 13:30 Анабела Насковска Петрески, Еврогајденс

13:30 – 14:00 Отворена дискусија

**Кратка содржина на презентациите:**

Презентациите ќе опфатат три важни теми од Еразмус+ програмата. Презентацијата за финансирање на Еразмус+ проекти ќе даде приказ на можностите за финансирање на високо образовни мобилности (вклучувајќи мобилност на студенти за учење и стажирање, мобилност на наставен и административен кадар од ПМФ на други универзитети во Европа) како и вклучување на факултетот во партнерски проекти со други високообразовни установи од Европа заради креирање на нови студиски програми во високото-образование или креирање на нови дидактичко-методолошки пристапи во сите нивоа на образование.

Втората тема на настанот ќе биде мрежата Евридика која што се фокусира на анализи и студии на европските системи на образование при што во фокус ќе бидат тематските студии од областа на природните науки. Презентацијата има за цел да ги доближи студентите и професорите до суштинските карактеристики на образовните системи анализирани во Евридика, со цел нивно вклучување во процесите на македонскиот образовен систем.

Последната тема на настанот е иницијативата Еврогајденс која што има за цел да ги запознае сите чинители и индивидуи за процесите на европско ниво во областа на кариерното советување и можностите за трансфер на европските искуства во нашите институции.

**Ве покануваме да присуствувате на овој настан!**

Центар за кариера,

ПМФ, Скопје